**20091051977**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за електронско управување,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 август 2009 година.

Бр. 07-3641/1
18 август 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ

## Глава прва

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет на Законот**

Со овој закон се уредува работата на министерствата, другите органи на државната управа, организациите утврдени со закон и други државни органи, судовите, јавните обвинителства и државното правобранителство, правни и други лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, органите на општините, на градот Скопје и на општините на градот Скопје (во натамошниот текст: органи), при размена на податоци и документи во електронска форма, односно остварување на административни услуги по електронски пат, кога тоа е утврдено со закон.

Член 2
**Примена на Законот**

(1) Одредбите на овој закон се применуваат и на работата на физички и правни лица при остварување на административни услуги по електронски пат.

(2) Одредбите на овој закон не се применуваат при работа со документи во електронска форма кои содржат класифицирани информации, лични податоци, како и на документи

кои се однесуваат на заштита на интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија, кога тоа е утврдено со закон.

(3) Одредбите на овој закон не се однесуваат на правилата за работа со документи во хартиена форма, кога со закон се предвидува посебна постапка или форма за извршување на определени дејствија.

(4) Постапките предвидени со овој закон ќе се водат согласно со одредбите од Законот за општата управна постапка, ако со овој закон поинаку не е уредено.

Член 3

**Значење на поимите употребени во овој закон**

(1) Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

- ДОКУМЕНТ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА е секој запис што содржи податоци, кој може да се чува во информациските системи или да се пренесува преку телекомуникациска мрежа во електронска форма,

- ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ е систем кој се користи за составување, праќање, примање, чување и друга обработка на податоци и документи во електронска форма,

- СЕРТИФИКАТ е потврда за исполнувањето на условите за функционирањето на информациските системи,

- АДМИНИСТРАТИВНИ УСЛУГИ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ се услуги дадени на физички и правни лица од страна на органите кои можат да бараат и/или доставуваат по електронски пат, во согласност со закон,

- ГЛАВЕН ОБРАБОТУВАЧ НА ПОДАТОЦИ е органот којшто може да собира, обработува и чува податоци, согласно со закон,

- БАЗА НА ПОДАТОЦИ е структурирана колекција на записи или податоци што се чуваат во електронска форма,

- ПОДАТОЦИ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА се податоци коишто се пратени или примени по електронски пат, вклучувајќи го и електронското разменување на податоци,

- РАЗМЕНА НА ПОДАТОЦИ е способност на информациските системи да обработуваат, меѓусебно да разменуваат и да чуваат документи и податоци по електронски пат, користејќи ги единствените технолошки стандарди и процеси,

- ЕДИНСТВЕНА ОКОЛИНА ЗА РАЗМЕНА НА ДОКУМЕНТИ И ПОДАТОЦИ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ е управувана околина за стандардизирана размена на документи и податоци меѓу органите и

- ИНФОРМАЦИСКА БЕЗБЕДНОСТ е систем на мерки за заштита на информациските системи, посебната телекомуникациска мрежа, документите во електронска форма и податоците во електронска форма од неовластен и случаен пристап, искористување, промена, спречување на пристапот до документите и податоците или нивно уништување, спречување на давањето на административни услуги по електронски пат.

(2) Изразите што се употребуваат во овој закон чие значење не е дефинирано во ставот (1) од овој член, имаат значење утврдено со друг закон.

## Глава втора

СОБИРАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

Член 4
**Еднократно собирање на податоци и пристап до нив**

(1) Органите се должни да ги обезбедат по службена должност податоците од главниот обработувач на податоци коишто веќе се собрани од физичките и правните лица.
(2) Главниот обработувач на податоци е должен да обезбеди пристап на физичките и правните лица до податоците собрани во нив согласно со закон.

Член 5
**Доставување на податоци по службена должност**

Главниот обработувач на податоци е должен по службена должност да доставува податоци по претходно барање од органите, доколку тие се потребни за извршување на нивните работи согласно со закон.

Член 6
**Автоматско доставување на податоци**

(1) Барање за доставување на податоци од физички и правни лица до органите и известување од страна на органите, автоматски се врши по електронски пат.
(2) При недостиг на техничка можност за автоматско доставување на податоци и во случаи кога Законот предвидува регистрите да се водат рачно, податоците се доставуваат како електронски документи во формат со неструктурирана содржина или се доставуваат на хартија.

Член 7
**Обврска за идентификација**

Органите, физичките и правните лица, при размена на документи во електронска форма и при остварување на административни услуги по електронски пат, се должни да се идентификуваат со единствен идентификатор, согласно со закон.

Член 8
**Единствена околина за работа на информациските системи**

(1) Органите се должни да користат информациски системи што ја препознаваат единствената околина во која се документира единственото време со точност на година, месец, ден, час, минута и секунда.
(2) Начинот на препознавање на единствената околина од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за информатичко општество.

Член 9
**Внатрешни правила за користење на информациските системи**

Начинот на користење на информациските системи кај органите за обработка на податоците во електронска форма го уредуваат органите, освен ако поинаку не е предвидено со закон.

## Глава трета

## АДМИНИСТРАТИВНИ УСЛУГИ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

Член 10
**Извршување на административни услуги**

Органите се должни да извршуваат административни услуги по електронски пат во рамките на својот делокруг на работа, освен ако со закон не е утврдена друга форма за извршување на тие услуги.

Член 11
**Давател и корисник на административни услуги**

(1) Давател на административни услуги по електронски пат е главниот обработувач на податоци, којшто дава административни услуги по електронски пат на физички и правни лица, во рамките на својот делокруг на работа утврден со закон (во натамошниот текст: давател).

(2) Корисник на административни услуги по електронски пат е физичко или правно лице, кое поднело барање за остварување на административна услуга по електронски пат, согласно со закон (во натамошниот текст: корисник).

Член 12
**Известување за извршена административна услуга**

(1) Давателот ги известува корисниците за извршените услуги од негова страна по електронски пат на адресата на електронската пошта доставена во барањето.

(2) Давателот задолжително јавно ја истакнува својата веб страница.

Член 13
**Пристап до административните услуги**

(1) Министерството за информатичко општество е одговорно за порталот за пристап до административните услуги по електронски пат.

(2) Формата и содржината на основните елементи на барањето за доставување на административни услуги по електронски пат ги пропишува министерот за информатичко општество.

(3) Давателот ги користи барањата за давање на административна услуга по електронски пат утврдени во согласност со закон.

(4) Постапката за електронско плаќање за извршените административни услуги по електронски пат се спроведува согласно со закон.

Член 14
**Пристап до податоците и документите во електронска форма**

Давателот е должен да му овозможи на корисникот пристап до сите податоци и документи што се однесуваат на бараната административна услуга по електронски пат согласно со закон, на начин кој дозволува нивно обновување и чување.

Член 15
**Собирање, обработка и давање на лични податоци**

(1) Давателот е должен да собира, да обработува и да дава на користење лични податоци само кога тоа е утврдено со закон.
(2) Личните податоци не можат да се користат за цели, различни од тие што се утврдени со овој закон, освен ако постои согласност на физичкото лице.
(3) Давателот го докажува постоењето на согласност на физичкото лице од ставот (2) на овој член.
(4) Во собирањето, обработката и давањето на користење на лични податоци, давателите се должни да ги применуваат прописите за заштита на личните податоци.

Член 16
**Технички барања и политики**

(1) Техничките барања за обезбедување на пристап до административните услуги по електронски пат и политиката на давателот за користените графички и други портали на информацискиот систем ги пропишува министерот за информатичко општество.
(2) Техничките барања и политиката од ставот (1) на овој член се објавуваат на веб страницата на Министерството за информатичко општество и на веб страницата за пристап до административните услуги по електронски пат.

**Доставување на документи во електронска форма**

Член 17
**Поднесување на барање**

Корисникот може да поднесува барања во електронска форма, согласно со прописите за податоците во електронски облик и електронски потпис.

Член 18
**Веб портал за поднесување на барање**

(1) Поднесувањето на барањата во електронска форма од физички или правни лица се врши:
1) преку постојано достапен веб портал;
2) преку утврдена единствена околина за размена на документи и податоци во електронска форма и
3) на друг начин утврден со закон.
(2) Веб порталот од ставот (1) точка 1 на овој член обезбедува извршување на административни услуги по електронски пат, согласно со прописите за податоците во електронски облик и електронски потпис, со користење на едноставни средства за работа на корисникот, вклучувајќи ги и лицата со инвалидност.

Член 19
**Формат на документи во електронска форма**

(1) Форматот на секој документ во електронска форма е унифициран за сите органи коишто го спроведуваат овој закон.
(2) Форматот на документот од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за информатичко општество.

Член 20
**Обврска за поседување на адреса на електронска пошта**

(1) Корисникот е должен да ја пријави својата адреса на електронска пошта за добивање на административни услуги по електронски пат до давателот, согласно со закон.
(2) Ако корисникот ја променил адресата без да го извести давателот, или дал погрешна адреса на електронската пошта, сите соопштенија испратени на дадената адреса се сметаат за уредно доставени.
(3) Корисникот може да користи и специјална електронска поштенска кутија за размена на административни услуги по електронски пат, согласно со закон.

Член 21
**Проверка на идентитетот на корисникот**

Проверка на идентитетот на корисникот при поднесување на барањето по електронски пат се врши согласно со прописите за податоците во електронски облик и електронски потпис.

Член 22
**Постапување со примени барања и документи во хартиена форма**

(1) Кога барањата и документите на корисниците се поднесуваат до органите во хартиена форма, тие се воведуваат во информацискиот систем на органот преку нивно скенирање.
(2) Проверката дали целосно и точно одговара скенираното барање и документот со оригиналниот се врши со електронски потпис од вработениот кој го направил скенирањето.
(3) Барањата и документите од ставот (1) на овој член се чуваат во органите и можат да се разменуваат само во електронска форма.

**Примање на документи во електронска форма**

Член 23
**Примање на барања по електронски пат**

Барањата поднесени по електронски пат се примаат од лица овластени од давателот.

Член 24
**Рок за примање на барања**

(1) Барање по електронски пат се смета за примено со негово регистрирање во веб порталот или во единствената околина за размена на документи и податоци во електронска форма.

(2) Ризикот од грешки при доставување на барањето кон давателот е на товар на корисникот.

Член 25
**Проверка за соодветност**

(1) Кога барањето што е испратено по електронски пат до давателот е во различна форма од утврдената, согласно со закон, или корисникот не може да се идентификува во согласност со закон, на корисникот му се праќа известување дека приемот не е потврден, како и причините за тоа.

(2) Проверката од ставот (1) на овој член се прави автоматизирано при услов дека има техничка можност во информацискиот систем.

Член 26
**Потврда за прием**

(1) По добивањето на барањето во електронска форма, на корисникот му се праќа потврда за приемот.

(2) Потврдата од ставот (1) на овој член е електронски документ чијашто содржина е определена согласно со прописите за архивска граѓа.

Член 27
**Проверка за точност**

(1) Давателот врши проверка за точноста на барањето и за точноста на доставените податоци.

(2) Доколку се утврдат неправилности во барањето на корисникот му се праќа електронско известување со упатство и рок за отстранување на грешките, во согласност со Законот за општата управна постапка.

**Доставување и чување на документи во електронска форма**

Член 28
**Доставување на документи во електронска форма**

Административните услуги по електронски пат на давателот, адресирани до корисникот, се доставуваат на адреса на електронската пошта, согласно со членот 20 од овој закон.

Член 29
**Чување на документи во електронска форма**

Сите добиени и доставени документи во електронска форма се чуваат во информацискиот систем на органите, согласно со закон.

## Глава четврта

## КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ОРГАНИТЕ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

### Начин на комуникација меѓу органите по електронски пат

Член 30

**Обврска за комуникација меѓу органите по електронски пат**

(1) Органите се должни да разменуваат меѓусебно податоци и документи по електронски пат, заради остварување на работите утврдени со закон.

(2) Доколку тоа не е уредено со закон, начинот на комуникација меѓу органите по електронски пат за размена на податоци и документи може да се утврди со склучување на договори меѓу органите.

Член 31

**Единствена околина за комуникација меѓу органите по електронски пат**

(1) Комуникација меѓу органите по електронски пат се врши преку единствена околина за размена на документи и податоци по електронски пат.

(2) Начинот на комуникацијата меѓу органите по електронски пат преку единствената околина за размена од ставот (1) на овој член и нејзиното одржување ги пропишува министерот за информатичко општество.

Член 32

**Користење на единствени стандарди и правила**

(1) Органите се должни да користат унифицирани номенклатури во меѓусебната комуникација по електронски пат.

(2) Стандардите и правилата за унифицирани номенклатури од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за информатичко општество.

(3) Стандардите и правилата за безбедност на информациските системи коишто се користат од органите за комуникација по електронски пат ги пропишува министерот за информатичко општество.

Член 33

**Обезбедување на информациска безбедност**

(1) Органите се должни да применат мерки за информациска безбедност на информацискиот систем кој го користат за комуникација по електронски пат.

(2) Посебните стандарди и правила за информациска безбедност на системот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за информатичко општество.

## Евидентирање на базите на органите

Член 34
**Бази на податоци на органите кои меѓусебно комуницираат**

(1) Министерството за информатичко општество води евиденција на базите на податоци на органите кои меѓусебно комуницираат по електронски пат како посебна електронска база на податоци, заради остварување на функциите утврдени со овој закон.

(2) Формата и содржината на евиденцијата од ставот (1) на овој член, како и начинот на нејзиното водење, ги пропишува министерот за информатичко општество.

(3) Органите се должни да доставуваат известување до Министерството за информатичко општество за воспоставување на базата, за нејзиното одржување и чување, како и за промените што се однесуваат на нејзиниот статус, за кои се собира, користи и се чува базата на податоци.

(4) Форматот и содржината на образецот за известување од ставот (3) на овој член, како и начинот на известувањето ги пропишува министерот за информатичко општество.

Член 35
**Бази на административни услуги по електронски пат**

(1) Министерството за информатичко општество води евиденција на базите на административни услуги по електронски пат како посебна електронска база на податоци за сите органи, која содржи опис на услугата преку определен технички стандард и спецификација.

(2) Начинот на користењето, запишувањето, пристапот и чувањето на евиденцијата од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за информатичко општество.

## Сертифицирање на комуникацијата меѓу органите по електронски пат

Член 36
**Сертификат за функционалност на информациските системи**

(1) Министерството за информатичко општество ги сертифицира информациските системи кои ги користат органите за комуникација по електронски пат.

(2) Начинот на сертифицирање од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на сертификатот ги пропишува министерот за информатичко општество.

Член 37
**Контрола на функционалноста на информациските системи**

Министерството за информатичко општество врши контрола над функционалноста на информациските системи, кои ги користат органите за меѓусебна комуникација по електронски пат.

**Глава петта**

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 38

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице ако постапи спротивно на одредбите од членовите 4, 5, 7, 8 став (1) и 22 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службено лице во орган ако ги стори прекршоците утврдени во ставот (1) од овој член.

Член 39

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице ако постапи спротивно на одредбите од членовите 10, 12 став (2) и 14 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службено лице во орган ако ги стори прекршоците утврдени во ставот (1) од овој член.

Член 40

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице ако постапи спротивно на одредбите од членовите 30 став (1), 31 став (1), 32 став (1), 33 став (1) и 34 став (3) на овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службено лице во орган ако ги стори прекршоците утврдени во ставот (1) од овој член.

Член 41

За прекршоците утврдени во членовите 38, 39 и 40 од овој закон, прекршочната постапка ја води надлежниот суд.

Член 42

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка, за прекршоците во овој закон Министерството за информатичко општество води постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.

**Глава шеста**

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 43

Органите и информациските системи коишто го користат своето работење ќе го усогласат со одредбите на овој закон во рок од две години од денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 44

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 45

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јуни 2010 година.